romaversitas north macedonia

ROMA EDUCATION FUND Invest | Educate | Engage

This Project is funded by the European Union

# ПОВИК ЗА ТУТОРИ

Во рамките на проектот:
„Зголемување на пристапот и учеството на учениците Роми во средното образование и транзиција на пазарот на труд"

Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС" во рамки на проектот: **„Зголемување на пристапот и учеството на учениците Роми во средното образование и транзиција на пазарот на труд",** објавува повик за ТУТОРИ кои ќе одржуваат туторски средби со средношколци Роми во четврта година. Туторите ќе одржуваат два туторски часови неделно по предметите Македонски јазик, Англиски јазик, Математика наведени како задолжителни предмети за полагање државна матура и изборни интерни предмети на ученикот, во период од 27 Април до 27 Јуни, преку индивидуален работен план подготвен од страна на туторот и учениците/туторираните.

## Опис на активноста туторство

Туторството е дополнителна академска помош и поддршка за средношколците Роми преку одржување на часови на туторот и учениците за одреден наставен предмет за договорени наставни содржини, во договорени датуми, времетраење и начин на одржување. Целта на туторството е поуспешно совладување на наставните содржини и успешно полагање на државната матура. Туторството претставува можност за учениците Роми во текот на своето средно образование, да соработуваат и бидат туторирани од страна на тутор (професор, наставник) кој ќе ги подучува, насочува, советува, охрабрува, мотивира и го поддржува развојот на нивните знења, вештини и способности за реализирање на нивните лични, академски и кариерни цели, совладување на материјата предвидена со наставната програма во училиштата каде учат со цел за понатамошно продолжување на нивното образование или градење на капацитет за настап на пазарот на труд. Временската рамка за реализирање на туторските средби е од 27 Април 2020 до 27 Јуни 2020.

## Цели на туторството

- Да им помогне на туторираните да идентификуваат, креираат и реализираат индивидуални цели на личен и професионален план;
- Да поддржи развој на средношколци лидери кои имаат знаење, вештини и способности за реализирање на своите лични и кариерни цели;
- Да ги поттикне туторираните да ги развијат своите вештини и капацитети за надминување на образовните предизвици и понатамошно продложување со нивното образование, односно запишување на прв циклус на студии;
- Да креира култура која го гледа туторството како ефикасен начин за развој на поединецот и можност за негово лично, академско и професионално остварување.

The project "Increased Education Opportunities for Roma Students and Youth in Western Balkans and Turkey" is funded by European Union

- Да ги поттикне, мотивира, охрабри, стимулира, туторираните ученици да ги искористат активностите на проектот за градење на капацитети, вештини и знаења за настап на пазарот на труд.
- Да придонесе кон успешно полагање на државната матура на учениците во 4та година

**Работни задачи и надоместок за тутори**

1. Да подготви индивидуален работен план во соработка/согласност со туторираните ученици;
2. Туторските часови задолжително да се одржуваат преку електорнски пат (Online) преку избрана апликација за Online комуникација од страна на туторот и туторираните ученици се додека не се создадат услови за физичка комуникација и реализиација на часовите.
3. Реализацијата на туторските часови за периодот на реализација преку Online платформи мора да биде претходно напишана во работниот план и часовите задолжително да се реализираат во тој термин;
4. Проектниот тим мора да биде известен за избраниот начин и терминот за реализација на менторските часови и има право да биде вклучен во Online терминот за одржувањето на часот;
5. Да ја следи динамиката на реализација на работниот план, да одржува контакти со туторираните и да воспостави взаемен однос базиран на доверба и почит;
6. Да одржува туторски средби со времетраење од 45 мин за еден час, односно најмалку 2 часа неделно или вкупно 8 часа на месечно ниво
7. Да го мотивира и охрабрува туторираниот да го надоградува своето знаење и да ги совлада предвидените наставни содржини по предметот за кој е ангажиран туторот;
8. Да дава писмено фидбек во вид на извештај на личниот, академскиот и професионалниот развој на туторираниот ученик ;
9. Да подготвува месечен извештај за реализираните туторски средби и напредокот на ученикот;
10. Навремено да ги доставува потребните документи/извештаи до организацијата, најмногу 5 дена по завршувањето на претходниот месец;
11. Доставува известување за постигнатиот успех на ученикот по предметот за кој се ангажира туторот;
12. Да одржува средби со проектниот тим;
13. Да го почитува договорот за ангажирање склучен помеѓу организацијата и туторот при што и двете страни се обврзани да се однесуваат согласно потпишаниот договор

14. *** Селектираните лица ќе склучат договор за авторско дело во кое ќе се регулираат работните задачи и висината на авторскиот надоместок. По исполнување на нивните работните задачи во временската рамка за реализирање на туторството, туторите кои ќе работат со најмногу четворица ученици ќе добијат авторски надоместок во бруто износ од 50 евра месечно, во денарска противвредност, а за туторите со група поголема од четири ученици ќе биде склучен посебен договор со одредување на дополнителна висина на хонорар за исплата.

**Услови за пријавување за тутор**

Кандидатите за тутори треба да ги исполнат следните услови:

- Да се дипломирани лица како наставници/професори по некој од горе наведените предмети или
- Да се дипломирани лица во редовен работен однос како наставници/професори на некои од приватните или јавните средни училиште во Република Северна Македонија;
- Предност ќе имаат лица кои имаат претходно искуство во давањето на туторска поддршка на ученици Роми

**Потребни документи за пријавување за тутор**

За пријавување за тутор треба да се достават следните документи:

- кратка биографија ( CV )
- документ кој го потврдува степенот на завршено образование (уверение/диплома);

**Начин на пријавување за тутор**

Горе наведените документи потребно е да се испратат на е-маил адресата: ane.matevska@romaversitas.org.mk **со назнака пријавување за тутор во учебната 2019/2020 година.**

**Краен рок за пријавување**

**Краен рок за пријавување на повикот за тутори е 23 Април (Четврток) 2020 година!**

**Селекција на кандидати**

Селекцијата на кандидатите ќе ја изврши комисијата составена во рамките на проектот.

The project "Increased Education Opportunities for Roma Students and Youth in Western Balkans and Turkey" is funded by European Union